Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Годишно собрание -**
Број 0201 -1885/10
27.03.2014 година

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговски друштва и член 21 став 3 точка 3 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание** на Друштвото, на својата седница одржана на **27.03.2014 година** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Друштвото**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2013 година, во текст и содржина кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Собранието на Друштвото ја одборува работата на:
   - **Г-дин Франц Козина, како Претседател на НО;**
   - **Г-дин Ханс Раумауф, како Потпреседател на НО**;
   - **Г-дин Андреја Јосифовски, како член на НО;**
   - **Г-дин Михаел Хаг, како член на НО;**
   - **Г-дин Реинхард Гојер, како член на НО;**

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Со цел одобрување на работата на Надзорниот одбор на Друштвото, Надзорниот одбор на Друштвото на својата 5$^{та}$ седница одржана на ден 27.02.2014 година усвои извештај кој се однесува на неговата работа во текот на 2013 година и истиот го достави до Собранието на Друштвото. Согласно член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва и член 21 став 3 точка 3 од Статутот на Друштвото, Собранието на друштвото е надлежно за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Друштвото. Во текот на деловната 2013 година, Надзорниот одбор на Друштвото беше составен од 5 члена. На ден 31.01.2014 година Г-дин Франц Козина поднесе отставка од својата функција, но во текот на деловната 2013 година ја остваруваше функцијата член на Надзорен одбор во Друштвото. Со одлука за промена на Статутот на Друштото донесена од страна на Собранието на Друштвото на ден 25.02.0214 година, се изврши промена на членот 31 од Статутот и се предвиде надзорен одбор од 6 члена. Во врска со претходно споменатата отставка и статурана одлука за промена на Статутот на Друштвото, Собранието на Друштвото на ден 25.02.2014 година донесе одука за именување на два нови члена на Надзорниот одбор. Во конкретниот случај. Г-дин Петер Франз Хоефингер и Г-дин Румен Иванов Јанчев беа избрани за нови членови на Надозрниот одбор, по што Г-дин Петер Франз Хоефингер со одлука на Надзорниот одбор беше именуван и за Претседател на Надзорниот одбор. Од причина што Г-дин Петер Франз Хоефингер и Г-дин Румен Иванов Јанчев беа именувани за членови на Надзорниот одбор во 2014 година, Собранието на Друштвото не одлучуваш за одобрување на нивната работа.

Со оглед на претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

**Татјана Димов**